Влада на Република Северна Македонија

<u>Н А Ц Р Т</u>

З А П И С Н И К
од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 јули 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Иван Стоиљковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи.

На седницата присуствуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Андријана Матлиоска, претставник од Министерството за финансии и Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

Од седницата отсуствуваше д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 2-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 јули 2024 година, Записникот од 4-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2024 година и Записникот од 5-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2024 година,

1. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение за развој на земјоделство и заштита на животна средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „Живот“ – Куманово

2. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 4 јули 2024 година до 10 јули 2024 година

3. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 9 јули 2024 година до 15 јули 2024 година

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за Извештајот за 2024 година во рамки на механизмот за владеење на правото на Европската Унија, со прилози

7. Информација во врска со Договорот за изградба на автопатот Кичево – Охрид, со прилози

8. Информација за статусот на подготовка на Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 24 јули 2024 година

9. Извештај од спроведената функционална анализа во Министерството за спорт

10. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Требеништа - Струга - Ќафасан и Коридор 10: делница Прилеп - Битола на минерална суровина - мермер на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Ореовец“ Општина Прилеп

11. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања за потребите за изградба на европски патни коридори од стратешки интерес, Коридор 8 и Коридор 10 на минерална суровина – кварц на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје, на локалитетот „Којаци“, Општина Прилеп

12. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река, бр.349 Блатечка Река и бр. 353 Зрновска Река

13. Информација во врска со завршување на третата фаза од конкуретниот дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

14. Информација во врска со покренатиот спор од страна на Енергетската заедница проти Република Северна Македонија (Case ECS -11/24)

15. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања за потребите за изградба на европски патни коридори од стратешки интерес, Коридор 8 и Коридор 10, на минерална суровина – варовник и доломит на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Црн Врв“, Општина Гостивар

16. Информација во врска со настанатите штети на објектот на НУ Драмски театар Скопје, од поројните дождови во јуни 2024 година, со конкретни предлог решенија за непречено функционирање на установата

17. Информација во врска со состојбата во Друштвото за приредување на игри на среќа Старбет ДОО Скопје, со Предлог-одлука

18. Ценовник за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

19. Информација во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги „АРЕНА ГАМИНГ“ ДООЕЛ Струмица, со Предлог-одлука

20.Предлог - одлука за продажба на движни ствари

21. Информација за воспоставувањето на специјална економска соработка на Република Северна Македонија со Унгарија

22. Барање за давање на автентично толкување на член 7 ставови (2), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 251/22), поднесено од група пратеници

23. Информација за отстапување без надоместок на нафтени деривати на ЈП Национални шуми П.О Скопје , со Предлог – одлука

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 јули 2024 година, Записникот од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2024 година и Записникот од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2024 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение за развој на земјоделство и заштита на животна средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „Живот“ – Куманово, поради потребата истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 4 јули 2024 година до 10 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 9 јули 2024 година до 15 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата заклучи:

1. Владата го именува Фадил Асани за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата го разреши Шпенд Сулејмани од должноста вршител на должноста директор на Управата за имотно-правни работи, орган во состав на Министерството за финансии.

**3.** Владата го именува Зоран Крстаноски за директор на Управата за имотно-правни работи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**4**. Владата го разреши Никица Бачовски од должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**5**. Владата го именува Илија Стоилев за вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**6**. Владата го разреши Ремзи Абдулахи од должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**7**. Владата го именува Фадиљ Асани за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**8**. Владата ја именува Христина Смилевска за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**9**. Владата го разреши Мики Тодоров од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Штип.

**10**. Владата го именува Дејанчо Здравков за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Штип и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата ја разреши Рената Донева од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Штип.

**12.** Владата го именува Ѓорги Хубрев за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Штип и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**13.** Владата го разреши Александар Дамески од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Прилеп.

**14.** Владата го именува Емил Јанески за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Прилеп и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го именува Диме Наумчески за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Прилеп и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата го разреши Валон Ќура од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправен дом од отворен вид Струга.

17. Владата го именува Ардит Мустафаи за вршител на должноста директор на Казнено поправен дом од отворен вид Струга и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

18. Владата го разреши Стојан Настоски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправен дом од отворен вид Струга.

19. Владата го именува Александар Мојсов за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправен дом од отворен вид Струга и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

20. Владата го разреши Драган Крајовски од должноста вршител на должноста директор на КПУ Затвор Битола.

21. Владата го именува Александар Јовковски за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

22. Владата ја разреши Наташа Талеска од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Битола.

23. Владата го разреши Слободан Џониќ од должноста вршител на должноста директор на КПУ Затвор Гевгелија.

24. Владата ја именува Слаѓана Стаменковска за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Гевгелија и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

25. Владата го разреши Ненад Цветковиќ од должноста директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

26. Владата го именува Оливер Цветковски за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

27. Владата го разреши Мевљан Џемаили од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

28. Владата го именува Хамид Алитовиќ за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

29. Владата го разреши Ристе Недески од должноста вршител на должноста директор на КПУ Затвор Охрид.

30. Владата го именува Климент Совковски за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

31. Владата го разреши Мумин Ајредини од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Охрид.

32. Владата го именува Мите Костески за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

33. Владата го разреши Филип Андов од должноста директор на КПУ Затвор Скопје.

34. Владата го именува Бобан Утковски за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

35. Владата го разреши Садуш Арифи од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Скопје.

36. Владата го разреши Владимир Михаиловиќ од должноста вршител на должноста директор на КПУ Затвор Струмица.

37. Владата го именува Зоран Ристов за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Струмица и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

38. Владата го именува Игор Додевски за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

39. Владата го разреши Даниел Антоски од должноста директор на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово.

40. Владата го именува Бране Стојчески за вршител на должноста директор на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

41. Владата го разреши Јусуф Шаини од должноста вршител на должноста заменик на директорот на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово.

**42**. Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, ги разреши:

од претседател:
- Моника Младеновиќ,

од членови:
-Фатљуме Реџа-Лусњани,
-Наташа Гешоска,
-Шерефедин Ибиши,
-Љубомир Поповски,
-Дардан Селмани и
-Адријан Фазлија.

**42.1**. Владата за членови на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, ги именува:

-Иво Николов, за период од три години,
-Благоја Денковски, за период од три години,
-Кирил Ковчегарски, за период од три години,
-Бојана Наумоска, за период од три години,
-Нада Цветкоска, за период од две години,
-Маријана Ѓорѓиевска, за период од две години и
-Благојче Лазороски, за период од две години.

**43**. Владата од должноста членови и вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., ги разреши:

-Слаѓана Арсова, од должноста член,
-Маја Срезоска, од должноста член,
-Ристо Манев, од должноста член,
-Дијана Оровчанец, од должноста член,
-Иљирјан Фетаху, од должноста вршител на должноста член,
-Насер Етеми, од должноста вршител на должноста член и
-Жарко Трајков, од должноста вршител на должноста член.

**43.1.** Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., ги именува:

-Александар Стојанов,
-Тони Петрески,
-Кенан Абди,
-Маја Додевска Пешевска,
-Ивица Јорданов,
-Емри Ибрахими и

-Оркан Исмани.

**44**. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., ги разреши:

-Али Исмаили,
-Љубиша Ѓорѓевиќ и
-Мартин Донев,

а на Али Садику му утврди престанок на мандатот согласно закон.

**44.1.** Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., ги именува:

-Бењат Бакији,
-Надица Младенова и
-Елена Маневска Јовановска.

**45.** Владата за членови на Комисијата за разгледување на пријави од кандидати по објавениот Јавен оглас бр.07/2024 за именување на еден (1) член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија бр.14-6111/1 од 18.7.2024 година, ги именува:

-проф. д-р Константин Димитров,
-проф. д-р Атанас Илиев,
-проф.д-р Даме Димитровски,
-проф. д-р Виктор Гавриловски и
-д-р Гоце Божиноски.

**46.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. од должноста директор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. да го разреши Костадин Ацевски, а за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.да го избере Нуредин Фетаи.

**47**. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. од должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. да го разреши Беким Мемеди.

**48.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта да го избере Назим Таипи.

Истовремено, Владата ги одложи за наредната седница точките 1 и 2 од предлогот на Комисијата за именување.

**Точка 5**

**1**. Владата по повод одбележувањето на шеесет и првата годишнина од катастрофалниот земјотрес во Скопје (26 јули 1963 – 26 јули 2024 година), ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Владина делегација за овој настан во состав:

- Зоран Љутков, министер за култура и туризам,
- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа,
- Бесар Дурмиши, министер за економија и труд,

која да положи свежо цвеќе на Градските гробишта во Бутел во Скопје, со почеток во 10:00 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да обезбеди свежо цвеќе за положување.

**2**.Владата во врска со организирањето на настан по повод одбележување на 13 август – ден на потпишување на Охридскиот рамковен договор заклучи:

1) Се задолжува Министерството за односи меѓу заедниците да ја стопира јавната набавка за настанот по повод одбележување на 13 август – ден на потпишување на Охридскиот рамковен договор.

2)Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја преземе организацијата на настанот и истиот да се одржи во Клубот на пратеници.

3) Се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид овие финансиски средства при повторното разгледување на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**3**. Владата го разгледа Известувањето за избор на директор на Инспекторатот за употреба на македонскиот стандарден јазик, доставено од Министерството за култура и туризам, под бр.53-6858/1 од 18 јули 2024 година и заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот

јазик за избор на директор на Инспекторатот за употреба на македонскиот стандарден јазик.

**4.** Владата го разгледа и го усвои Записникот од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 24 јули 2024 година и притоа заклучи:

- Работната група формирана со претставници од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување и надворешен соработник, за изработка на нов закон за пожарникарство, да отпочне и процес за итна трансформација на системот за управување со кризи.

**5.** Владата по повод донесените заклучоци на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2024 година, Т:18 Прашања и предлози, а по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, ги донесе следните заклучоци:

1. Заклучокот под реден бр.3 да се измени и да гласи:

„3. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, во Скопје, да бидат:

- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт;
- д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација.“.

2. Заклучокот под реден бр. 5 да се измени и да гласи:

„5. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Државниот празник 2 Август- Ден на Републиката, Илинден 2024, во Крушево, да бидат:

- м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање;
- Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем;
- м-р Сања Божиновска, министер за енергетика рударство и минерални суровини и
- Зоран Љутков, министер за култура и туризам.“.

3. Заклучокот под реден бр.7 да се измени и да гласи:

„7. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Државниот празник 2 Август- Ден на Републиката, Илинден 2024, во Пелинце, да бидат:

-Владо Мисајловски, министер за одбрана;
- м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања;
- Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- Горан Минчев, министер за јавна администрација.“.

4. Заклучокот под реден бр.8 да се измени и да гласи:

„8. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, во Смилево, Демир Хисар, да бидат:

- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и
- Игор Филков, министер за правда.“.

5. Заклучокот под реден бр.14 да се измени и да гласи:

„14. Се укажува на Македонска радио телевизија на 2 август 2024 година, да врши директен пренос од одбележувањето на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2024 од трите локации, Крушево Пелинце и Скопје.“.

6. Заклучокот под реден бр.25 да се измени и да гласи:

„25. Се препорачува на Општина Прилеп, Општина Кривогаштани и Општина Крушево, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1 и 2 август 2024 година во Крушево.“.

7. Заклучокот под реден бр.26 да се измени и да гласи:

„26. Се препорачува на Град Скопје, Општина Крушево, Општина Куманово и Општина Прилеп да обезбедат цистерни за вода.“.

8. Заклучокот под реден бр. 34 да се измени и да гласи:

„34. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма, не подоцна од една недела пред настанот, да ги прифати потврдите и врз основа на истите да изработи протоколарна листа за Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2024 година, вклучително и скица со распоред за седење на гостите.“.

9. По Заклучокот под реден бр. 35 се додаваат следните заклучоци:

36. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, според организацискиот план на Организацискиот одбор (хотелско сместување и коктел, бина на месноста Мечкин камен, електрична опрема, рефлектори, озвучување и друга техничка опрема).

37. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди столици, маси и чадори/тенди за заштита од сонце за сите прослави согласно барањата.

38. Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за користење на електрична енергија за централната прослава на Мечкин Камен во Крушево и Пелинце.

39. Се укажува на Македонски телеком АД Скопје, да обезбеди, интернет по повод прославата на Мечкин камен во Крушево и Пелинце.

40. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди вип превоз за лица од дипломатскиот кор.

41. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги преземе сите мерки и активности, неопходни околу организацијата на прославата на претставниците на дипломатско - конзуларните претставништва во државата.

42. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбедат два шатори за организација на прославата на месноста Мечкин Камен во Крушево.

43. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за 23 лица по повод прославата на Пелинце за потребите на културно - уметничките друштва.

44. Се задолжува НУ АНИП „Танец“ да одржи настап во рамките на културно-уметничката програма по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 и тоа на 1 и 2 Август, во Крушево, на следните локации Гумење, Мечкин Камен и Пелинце.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да се координираат во однос на чествувањето на Празникот во манастирот „Св. Прохор Пчински“ и за тоа да ја информираат Владата на наредната седница.

2. Се задолжуваат сите институции вклучени во организацијата по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, трошоците за лицата вработени во институциите, а ангажирани околу празникот да ги обезбедат од својот буџет.

**6.** Владата по Наредбата за обезбедување на итна медицинска помош заклучи:

1) Се задолжува Министерството за транспорт на наредната седница на Владата да информира во врска со средствата кои требаше да бидат исплатени за лекување и рехабилитација на пациентот Леонид Индов, од страна на Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (МЕПСО).

2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи на 29 јули 2024 година (понеделник) од Виена, Австрија, со хеликоптерската служба да го изврши транспортот на пациентот Леонид Индов, а притоа да се има предвид кризната состојба поради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да ги подмири трошоците за понатамошното лекување на Леонид Индов, во ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“.

**7**. Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на пресеанс листа на носителите на јавни функции во Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**8**.Владата на предлог на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, го задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Министерството за финансии да подготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во кој ќе бидат предвидени планираните зголемувања на пензиите во септември 2024 година и март 2025 година и веднаш по донесувањето на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија, истиот да го достави до Владата.

**9**. Владата ги разгледа барањата за финансиска поддршка од страна на ЦертиАдриа ДОО Скопје, во врска со претходно доставен допис од СОУ „Гоце Делчев“-Куманово и заклучи истото да го препрати до Министерството за образование и наука за понатамошно постапување.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука да изнајде системско решение (правилник, програма, закон...) со кое ќе се регулираат ваквите барања во иднина.

**10**. Владата заклучи:

1) Информацијата во врска со номинирање на Национален кординатор за имплементација на стратегијата за Роми 2022-2030 и Национална контакт точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на Регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020-2030 и

2) Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030,

да се разгледаат на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**11**. Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори.

Владата го разгледа Предлогот за изменување на Заклучокот 1 од Точка 10 од Извадокот од Нацрт-записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2024 година „Информација за состојбата во хируршките клиники при Универзитетскиот Клинички центар „Мајка Тереза", во врска со проблемот со компресорската станица како и за досегашните преземени активности и мерки со цел нивно надминување", го прифати Предлогот и заклучи истиот да гласи:

„Се задолжува Министерството за здравство да започне активности за започнување на постапка за јавна набавка за замена на опремата на централната компресорска станица со нова опрема како и замена на инсталација и за истото да ја извести Владата по целосна реализација и ставање во функција на централната компресорска станица"

Финансиските средства потребни за спроведување и реализација на предметната набавка, ќе ги обезбеди Министерството за здравство од сопствени приходи и истите ќе бидат предвидени во Буџетот за 2025 година, имајќи го предвид рокот за реализација на монтажата и пуштањето во работа на системот за компримиран воздух.

**12**.Владата го разгледа Известувањето за потребата од формирање на работна група за изработка на нов закон за пожарникарство, доставено од Министерството за одбрана, под бр.15-2524/1 од 24 јули 2024 година, го прифати и го задолжи министерот за одбрана во рок од седум дена да формира работна група со претставници од следните институции: Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна

Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и надворешен соработник.

Се задолжуваат горенаведените институции номинациите да ги достават до Министерството за одбрана.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за Извештајот за 2024 година во рамки на механизмот за владеење на правото на Европската Унија, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за објавување на пишаниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот за владеење на правото за 2024 година на интернет страната на Европската комисија.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да ја информира Европската комисија за согласноста за објавување на пишаниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот за владеење на правото за 2024 година веднаш.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за изградба на автопатот Кичево – Охрид, со прилози, ја усвои Информацијата и го задолжи вршителот на должност директор на Јавното претпријатие за државни патишта, во име на инвеститорот да даде согласност за прекин на арбитражната постапка и да го потпише писмото бр.0302/1905 доставено од Sinohidro Corporation Limited Кина на 10 јули 2024 година во кое се наведени условите под кои би требало да се прекине арбитражната постапка пред Меѓународниот арбитражен суд во Париз, а во врска со Договорот за изградба на автопатот Кичево – Охрид.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 24 јули 2024 година, ја усвои и ги задолжи надлежните институции вклучени во подготовката на Реформската агенда да обезбедат соодветни експерти од своите институции во периодот кога ќе се финализира пакетот од Реформската агенда, односно, од 25 јули до 20 август 2024 година, за што соодветно треба да го информираат Министерството за европски прашања.

**Точка 9**

Владата го разгледа и усвои Извештајот од спроведената функционална анализа во Министерството за спорт.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Требеништа - Струга - Ќафасан и Коридор 10: делница Прилеп - Битола на минерална суровина - мермер на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Ореовец“ Општина Прилеп и условно ја донесе доколку Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, достави уверение за платени даноци и придонеси.

Материјалот претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања за потребите за изградба на европски патни коридори од стратешки интерес, Коридор 8 и Коридор 10 на минерална суровина – кварц на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје, на локалитетот „Тројаци“, Општина Прилеп и условно ја донесе доколку Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, достави уверение за платени даноци и придонеси.

Материјалот претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска река, бр.349 Блатечка река и бр. 353 Зрновска река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 17.9.2024 година.
2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска река.
3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.104 Габровска река, најмалку до 17.10.2024 година.
4. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани до 12.12.2024 година.

5. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 4 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка река.
6. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.104 Габровска река, најмалку до 12.1.2025 година.
7. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.353 Зрновска река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје до 14.2.2025 година.
8. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Еко тера ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 7 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.353 Зрновска река.
9. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Еко тера ДОО Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.353 Зрновска река, најмалку до 14.3.2025 година.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со завршување на третата фаза од конкуретниот дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Секретаријатот за законодавство да достави мислење по материјалот.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со покренатиот спор од страна на Енергетската заедница проти Република Северна Македонија (Case ECS  -11/24), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од три дена до Секретаријатот на Енергетската заедница да го достави Одговорот на спорот против Република Северна Македонија (Case ECS  -11/24).

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања за потребите за изградба на европски патни коридори од стратешки интерес, Коридор 8 и Коридор 10, на минерална суровина – варовник и доломит на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Црн Врв", Општина Гостивар и условно ја донесе доколку Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, достави уверение за платени даноци и придонеси.

Материјалот претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со настанатите штети на објектот на НУ Драмски театар Скопје, од поројните дождови во јуни 2024 година, со конкретни предлог решенија за непречено функционирање на установата за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата во Друштвото за приредување на игри на среќа Старбет ДОО Скопје, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница бр.41-7815/1 од 13.9.2022 година, издадена на Друштвото за приредување на игри на среќа Старбет ДОО Скопје.

2. Се задолжува Управата за јавни приходи во рок од седум дена да достави до Министерството за финансии исход од сите започнати контроли кај Друштвото за приредување на игри на среќа Старбет ДОО Скопје, со соодветни предлози за постапување, како и исход од стечајната постапка која се води кај Друштвото во делот на наплата на побарувањето кое го има пријавено Министерството за финансии по основ на неплатена рата за лиценца и камата.

**Точка 18**

Владата го разгледа Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги „АРЕНА ГАМИНГ“ ДООЕЛ Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги „АРЕНА ГАМИНГ“ ДООЕЛ Струмица бр.41-5261/1 од 5.7.2022 година.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари.

**Точка 21**

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, ги информираше членовите на Владата за воспоставувањето на специјална економска соработка со Унгарија со цел економска поддршка и реализација на капитални инвестици во општините во државата. Истовремено, истакна дека заемот ќе биде во висина од 500 милиони евра и истиот ќе биде со каматна стапка од 3.25% со три години грејс период и 12 години рок на отплата.

За таа цел, Владата ја задолжи м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, во Унгарија да потпише билатерален договор за специјална економска соработка на Република Северна Македонија со Унгарија.

Исто така, по потпишувањето на овој договор потребно е да се подготви соодветен предлог на закон за реализација на истиот.

**Точка 22**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 7 ставови (2), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 251/22), поднесено од група пратеници и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 7 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри е уредено дека лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина. Оттука, приредувањето на лотариските игри на среќа може да се врши само од државата, односно, во моментов од Државна лотарија на Република Северна Македонија.

Со член 7 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри е уредено дека електронските и интернет игрите на среќа се приредуваат од страна на трговското друштво од ставот (2) на овој член, само или заедно со други приредувачи, при што без оглед на формата на здружување ова трговско друштво треба да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби од член 7 став (3) од Законот, произлегува дека приредувањето на електронски и интернет игри на среќа може да се врши само од трговското друштво од ставот (2), само или заедно со други приредувачи кои не можат да имаат повеќе од 49% учество во основната главнина во тоа друштво.

Согласно член 7 став (4) од Законот, правото на приредување на останатите игри на среќа и забавните игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Северна Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец поединец, кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон. Оттука, за приредување на останатите игри на среќа (наградни игри, интерактивни игри на среќа, казино, обложувалница, автомат клуб) и забавни игри е потребна лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец поединец кои ги исполнуваат условите утврдени во Законот.

Со член 63 од преодните и завршните одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.74/12), како и измените од член 2 од преодните и завршните одредби од Законот за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/12), член 14 од преодните и завршните одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14) и член 1 од преодните и завршните одредби од Законот за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/14) е уредено следното:

(1) Трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина е должно да започне со приредување на интернет игрите на среќа до 1 јануари 2015 година.

(2) Трговското друштво од став (1) на овој член интернет игрите на среќа ќе ги приредува во период од две години од започнувањето на рокот утврден во став (1) на овој член.

(3) Одредбите на член 26 на овој закон соодветно се применуваат при приредувањето на интернет игрите на среќа во периодот од став (2) на овој член.

(4) Трговското друштво од став (1) на овој член плаќа посебна давачка во износ од 0,5% од вкупната вредност на уплатите на месечна основа до 15 во месецот за претходниот месец.

(5) Одредбите на членовите 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107 и 111 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11 и 148/11), ќе започнат да се применуваат по истекот на периодот утврден во став (2) на овој член.

Имајќи ги предвид горенаведените цитирани одредби, произлегува дека е истечен временскиот период во кој трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина имаше право да ги приредува интернет игрите на среќа. Оттука, во моментов приредување на интернет игри на среќа може да се врши само од трговски друштва на кои им е издадена Лиценца од страна на Владата на Република Северна Македонија, согласно условите пропишани во глава VI. Интернет игри на среќа.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за отстапување без надоместок на нафтени деривати на ЈП Национални шуми П.О Скопје , со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:10 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |

проф. д-р Христијан Мицкоски

Игор Јанушев

Подготвил:м-р Марија Арсова – Лазаревска
Проверил:Никола Пасков
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски
Согласен:Снежана М. Пендовски